Врз основа на член 49 став 1 т.38, а в.в. со член 30 став 4 и став 5 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје Надзорниот одбор на

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА**

# П О В И К

## за учество на Собрание на акционери

Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе се одржи на **30.04.2013 година (вторник)**, со почеток во **10:00 часот**, во седиштето на Банката, на **ул.Македонија 9-11 Скопје**, со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови;
2. Разгледување на Записник од 33-та седница на Собранието на акционери;
3. Финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2012 година, ревидирани од ревизорско друштво;
4. Годишна сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за периодот 01.01.-31.12.2012 година;
5. Извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година;
6. Одлука за распределба на добивка од 2012 година;
7. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година, колективно и од аспект на поединечните членови;
8. Извештај за работата на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година, колективно и од аспект на поединечните членови;
9. Годишен извештај за работењето на Внатрешната ревизија во текот на 2012 година;
10. Одлука за определување друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје;
11. Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје;
12. Одлука за усвојување на листата на нето-должници на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2012 година;
13. Деловна политика и развоен план на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2013 година;
14. Финансиски план на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2013-2017 година;
15. Одлука за ревидирање на Кодексот за корпоративно управување на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**
Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Банката, е должен да го пријави своето учество на Собранието **(пријава за учество на Собранието)** најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставаат до Банката – Кабинет на Управен одбор.
**Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.**
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страна на Банката www.sparkasse.mk.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставуваат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред. Акционерите можат да доставуваат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предози на одлуки и прашања и тоа во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен јавниот повик а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страна на Банката www.sparkasse.mk.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието што е свикано, се испраќа до органот што го свикал Собранието на Банката, и тоа во рок од 8 (осум) дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден **во просториите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и на интернет-страната на Банката** www.sparkasse.mk.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Сава Далбоков

www.sparkasse.mk

SPARKASSE BANK

ВДРАНК 08.04.2013 бр. 152258
ВЕЧЕР